Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21), а согласно член 25 став 1 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 02/13 и 20/18) и член 52 од Статутот на општина Велес (‘Службен гласник на општина Велес” бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __10.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за отстапување на управување на крак на фекална канализација во Превалец од Општина Велес на ЈКП „Дервен“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука се отстапува на управување на на фекална канализација во Превалец од Општина Велес на ЈКП „Дервен“ Велес .

Член 2

Фекалната канализација во Превалец, Општина Велес од член 1 на оваа Одлука и неговата техничка исправност е утврдена од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Од страна на Комисијата е составен записник за техничката исправност на кракот на канализациониот систем, со исполнети услови за преотстапување на системот на ЈКП „Дервен“ Велес на управување .

Записникот е составен дел на оваа Одлука, во кој е наведено дека дека новоизградениот крак на фекална канализација во Превалец е технички исправен и може да се стави во функција .

Член 3

Вредноста на кракот на фекална канализација во Превалец, општина е утврдена во завршна ситуација на извршени работи од јуни 2025 година во износ од 1.823.114,00 денари.

Член 4

Градоначалникот ќе склучи Договор со ЈКП „Дервен“ Велес во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски за понатамошно управување на системот согласно закон.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Проектот е реализиран во периодот од 2024/2025 год. При извршување на увидот во крак на фекална канализација во Превалец, Општина Велес од страна на Комисијата за утврдување на техничка исправност се констатираше дека новоизградениот крак на фекална канализација во Превалец е технички исправен и може да се стави во функција.

Согласно член 25, став 1 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/13 и 20/18), одржувањето на изградените водоводни објекти и инсталации кои не се дел од јавниот водоснабдителен систем се отстапува на давателот на услугата со Одлука на Советот на Општината.